Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Архивски бр. 08-1472/1
датум 06-07-2026

# ЗАПИСНИК
# ОД НАДЗОР ВО ОСНОВЕН СУД КРИВА ПАЛАНКА

Министерот за правда со решение бр. 08-527/1 од 25.02.2026 година согласно член 84 ставовите 3, 4, 5 и 6 од Законот за судовите и членот 14 од Законот за управување со движењето на предметите во судовите („Службен весник на РСМ" бр. 42/20) формираше Комисија за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник и надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за управување со движење на предметите во судовите, за 2026 година.

Комисијата за надзор на ден **04.05.2026** година во **10:30** часот, согласно Планот за надзор бр. 08-2554/1 го започна надзорот во **Основен суд Крива Паланка** за контролниот период од 2024 до 2026 година, односно за периодот од последниот увид на Комисијата за надзор во 2024 година до 2026 година.

Комисијата изврши увид во судот во присуство на претседателот на судот Орце Јанковски и Билјана Стојчевска виш судски соработник.

Во судот иако има рампа за пристап до судот, заради необезбедени средства од Судскиот буџетски совет нема поставен лифт, пристап за лица со попреченост се изведува доле на влезот во портирницата, но нема пристап до салите за судење на првиот кат. Претседателот на судот укажа дека Агенцијата за управување со одземен имот не ги презела соодветните мерки за подигање на конфискуван имот од судот.

Во судот се уште се користи машина за куцање и со неа судијата и стручниот службеник одат на терен, од причини што лаптоп и преносен принтер не биле обезбедени од Судскиот буџетски совет. Претседателот на судот со образложение двапати се обратил до Судски буџетски совет, но не се одобрени средства за потребите на судот одиајмалку два лаптопи и еден преносен принтер.

Препорака: Недозволиво е во судовите да се користи стара машина за пишување (куцање) од минатиот век во ера на дигитално поврзување на светско ниво.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Неопходно е ИКТ Советот за правосудство, Судскиот совет, Судски буџетски совет, Министерство за финансии, Министерство за правда, Министерство за дигитална трансформација, Владата на Република Северна Македонија, итно да пристапат кон процес на координација за реализација на стратешките цели за дигитална трансформација во правосудството. Неопходно е да се овозможи законскиот минимум од 0.8% од БДП за судскиот буџет со цел забрзано да се воведат најновите дигитални алатки кои ќе ја олеснат и овозможат работата на судовите и правосудните институции. Нова ИКТ стратегија со обезбедени финансиски средства треба да се донесе во најитен период за да даде одговор и надминување на овие клучни прашања што ќе овозможат решавање и забрзување на постапката по предметите пред судовите.

Во судот било набавено ново службено возило од сопствена сметка во 2024 година, но за терен се користи старо теренско возило. Судските полицајци управуваат со возилото, бидејќи нема возачи. Благајник, сметководител, архивар, казнена евиденција и корпора - сите наведени работи ги извршува еден човек. Оттука, оправдана е препораката за потребна реорганизација на судската мрежа. Вложените човечки ресурси не соодветствуваат на износот на плата што го добиваат и истите се преоптоварени со двојно администрирање. Иако граѓаните очекуваат ефективна правда, тоа е невозможно да се случи и покрај сите вложени напори од страна на судиите и судската служба, бидејќи не се исполнети условите за работа во судовите кои ќе ја овозможат брзината на постапката. Затоа, довербата на граѓаните во правосудството опаѓа. Од суштинско значење е вложувањето во правосудството.

Во судот има двајца информатичари. Во изминатиот период од претходниот надзор пензионирани се повеќе од 10 судски службеници. Одобрени се две нови вработувања за двајца водители на писарница.

Тонско снимање многу ретко се користи заради обемот на работа и бројот на судии Вкупно во работа се под 10.000 предмети.

Електронско плаќање преку АБМС системот не може да се врши. Нема обуки за АБМС, потрено е унапредување на АБМС системот. Потребен е дигитален сертификат за да може да се поврзе со Министерството за финансии, а сега се одвива туку преку трезор, пратката се носи физички во трезорска канцеларија во Куманово. Ова значи трошоци за бензин, судскиот полицаец се плаќа за дневница и има дополнителни трошоци. Особено затоа што доставата се врши во села од разбиен тип каде не може да се доставува електронски.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Препорака: Судскиот буџетски совет во соработка со Министерството за финансии да преземат мерки во врска со АБМС системот за олеснување на плаќањата во судот и судовите

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ И СОСТОЈБА НА СУДОТ

### 1. Програма за работа и извештај за реализација на програмата

Претседателот на судот редовно донесува Програма за работа за годините за кои беше извршен увидот (2025 и 2026 година). Во програмата за работа составен дел е годишниот распоред за работа на судиите и вработените во судот.
Увид во хартиена форма на СУ бр. 95/25 од 31.12.2025 година

Су бр.252/24 од 30.12.2024 година, Су бр. 252/24-7 од 4.04.2025 заради вклучување на ново избран судија, Су бр.252/24-9 од 03.09.2025 година заради голем обем на работа прераспределба на предмети и уписници.

Су бр.234/23 од 29.12.2023 година измени - одлука Су бр.234/23-2 од 23.04.2024 година и Су бр.234/23-3 од 29.04.2024 година, заради заминување во пензија на судија.

Извештај за реализација на програмата за работа доставен до Судски совет најдоцна до 1 март. Су 17/2025-1 од 27.02.2025 година, Су бр. 12/2026-1 од 27.02.2026 година

### 2. Број, вид на судски оддели со број на судии кои постапуваат по предметите (имиња и област по кој постапуваат) (член 66 СД)

Нема служба за информатика, нема оддел за судска практика, судиите на колегиум ги дискутираат состојбите. По систематизација се определени 6 судиски места, од кои пополнети се само три. Еден судија бил делегиран во Основен граѓански суд Скопје од октомври 2024 до април 2025 година. Во април 2025 бил избран еден судија, со што во судот има вкупно тројца судии.
Судиите постапуваат по сите видови на предмети кои се доделуваат преку АКМИС. Тројца судии, заради потребата да биде исполнет условот за автоматска


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

распределба работат и на кривична и на граѓанска материја. За Кривичен совет се делегираат двајца судии од Основниот суд Куманово.

3. **Годишен распоред на судии (дали е донесен до 31 декември тековната година за следната година) со сите измени на годишниот распоред на судии (колку пати е менуван), со записници за спроведената постапка (мислење од седница на судии и достава до сите судии 113 СД)**

Годишниот распоред на судии е определен во програмата за работа, види погоре одговор на прашање под точка 1.

4. **План за годишен одмор на судиите (115 СД)**

План за годишен одмор на судиите Су.бр.141/24 , Су бр.04-18/25.

5. **Формирана служба за информатика како посебна организациона единица**

Во судот нема формирано служба за информатика.

Во Основен суд Крива Паланка вработени се двајца информатичари, од кои едниот судски соработник, а другиот судски советник кој истовремено е и администратор на АКМИС системот.

6. **Формиран оддел за судска практика во судот**

Нема формирано оддел за судска пракса. Судиите држат седница на судии, но нема задолжено лице за судска пракса.

7. **Формирана канцеларија за односи со јавноста (101 СД)**

Формирана е канцеларија за односи со јавноста и комуникација со медиуми, судија Даниела Младеновска Митовска и назначено е одговорно лице за информации од јавен карактер виш судски соработник Валентина Николовска.

8. **Судски администратор и распределба на службеници (60 СД)**

Судски администратор нема од причина што судот е со основна надлежност, а распределбата на службениците (60 СД) е направена во програмата за работа донесена од претседателот на судот.

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Судска служба: Претседателот на судот во допис и одговор за прашањето под реден број 39 дал реална слика со што се соочува судот, покрај дургото и во однос на пополнетоста на вработените во судската служба. Од наведените бројки може да се заклучи дека во судот само 1/3 од предвидените човечки ресурси се пополнети, што ја доведува во прашање функционалноста на судот.

9. **Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно (член 17 СД)_за 2025 и 2026 година.**

Су бр.261/2024 од 27.12.2024 година, Су 04 бр.24/2025 од 20.11.2025 година.

10. **Записници од одржани седници на судии на месечно ниво и со претседател на суд (член 19 и 22 од СД)**

Записници од одржани седници на судии на месечно ниво има и извршен е увид во записници: Су бр. 46/24-1 од 09.02.2024 година, Су 19/25-1 од 11.03.2025 година, Су 30/26 -1 од 01.04.2026 година

11. **Статистички извештај за работата на судот доставен до Судски совет (член 84 од СД) со анализа за начин на решавање на решени предмети, одлуки на повисоки судови за предмети по правен лек и посебно издвоени податоци за застарени, стари и укинати предмети**

Годишен извештај за работа на судот Су 38/24 од 01.02.2024 Су 01/25 од 23.01.2025 година, Су 01 –1/25 од 07.02.2025 година, Су 03 - 5/26 од 21.01.2026 година, Су 03 - 15/26 од 05.01.2026 година.

12. **Извештај од повисокиот суд за работата на Основниот суд Крива Паланка за 2024, 2025 и 2026 година**

Апелациониот суд Скопје редовно секоја година врши посета на Основниот суд Крива Паланка, и доставува извештај до Основниот суд Крива Паланка.
Извештаи: Су 03- 38/24-10 заведен во судот под Су бр.190/24 од 02.10.2024 година
Су 27/25 од 02.04.2025 година , и во 2026 била извршена посета на судот.


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

### 13. Надзор над работата на нотарите

Од 14 јули 2025 година на подрачјето на судот повторно останал само еден нотар, заради пензионирање на вториот нотар. Воочени се предизвици во однос на враќање на предметите во судот, за што претседателот на судот комуницирал со Министерството за правда и Нотарската комора. Предметите од страна на пензионираната нотарка се уште целосно не се вратени во судот, освен незавршените предмети.

| |
|---|
| Препорака: Министерството за правда во соработка со Нотарската комора да најде соодветно решение во врска со нотарите и предметите со цел да се одговори на предизвиците со кои се соочуваат судовите. |

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА АКМИС

### 14. Организирани обуки на судии и судски службеници за користење на АКМИС (26 СД)

Обуките на вработените ги извршуваат информатичарите кога има измени во системот или нововработени со договор на дело. Информатичарите редовно посетуваат специјализирани ИТ обуки во организација на АСЈО.

### 15. Преглед на информатичката опрема со која располага судот

Во поглед на информатичката опрема со која располага судот надзорната комисија утврди дека сите компјутери кои се во работа се со оперативен систем Windows 10 i Windows 11, кои ги задоволува потребите за секојдневното работење во судот.
Располагаат со доволен број на печатари за секој вработен, меѓутоа доколку неој од нив се расипе немаат резерви за нивна замена.
Сервер собата не ги задоволува неопходните стандарди и потребно е нејзино уредување и опремување.
Пасивната мрежа во одредени простории на судската зграда има потреба од обновување.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

16. **Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи со степен на достапност до АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД) На увид**

Извршен беше увид во списоци на кориснички групи и измените за контролниот период и констатирано беше дека во судот се заведени како: СУ.бр.234/23 од 29.12.2023, СУ.бр.252/24 од 30.12.2024 и СУ.бр.95/25-1 од 31.12.2025.
Согласно со измената на персонал, уредно се менуваат и корисничките групи во работата на судиите во судот.
Сите се уредно заведени во АКМИС.

17. **Внатрешни процедури за привилегии за АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД)**

После извршениот увид, констатирано беше дека постојат внатрешни процедури за привилегии во работата со АКМИС системот.

18. **Месечните распореди и времетраење на дежурства во судот, евидентирани во АКМИС за контролираниот период (116)**

Месечни распореди за дежурства се уредно внесени во календарот на дежурства во АКМИС.
Су бр.69/24 од 11.03.2024 година, Су 2/25 - 1 од 07.04.2025 година.

19. **Скенирање на влезни документи**

Се врши скенирање на влезни документи, при што не се скенираат само заштитените поднесоци со врвка. Скенирањето на примено одделение го врши еден вработен со само еден функционален скенер од 2014 година. Скенерот во приемното одделение каде се врши скенирање на документите е дотраен и често има проблеми со скенирање на документите. Затоа, неопходно е набавка на уште еден скенер.

20. **Електронски прием на предмети од страна на судиите**

Редовно се врши електронски прием на предмети од страна на судиите.

21. **Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети (негово физичко присуство 89 СД)**

Судски службеник задолжен за АКМИС е информатичарот - советник во судот Даниела Дојчиновска со одлуки СУ.бр.220/23 од 14.12.2023, СУ.бр.253/24 од 26.12.2024 и СУ.бр.96/2025 од 29.12.2025. Сите уредно заведени во АКМИС
Автоматската распределба ја извршува уписничар на соодветната материја, секој ден во 14 часот, додека пак информатичарот - администратор на АКМИС е задолжен за прераспределба на предмети врз основа на соодветна одлука за прераспределба.

22. **Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети за 2024, 2025 и 2026 година (175 став 5 СД)**

Решенија/наредби за прераспределба на судии ги носи Претседател на судот. Со Одлука од Претседателот информатичарот во судот постапува по вклучување/исклучување на судија од распределба на предмети и врши прераспределба на предметите поради исклучива надлежност за одреден вид на предмети, укинати предмети или новоизбран судија.
Решенија за прераспределба: СУ.бр.252/24-4 од 24.01.2025, СУ.бр.11/25 од 29.01.2025, СУ.бр.16/2025 од 20.02.2025, СУ.бр.252/24-8 од 08.04.2025, СУ.бр.85/25 од 14.11.2025 и СУ.бр.88/25 од 27.11.2025.
Сите уредно заведени во АКМИС.

23. **Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради изземање на судија, и одлуките за изземање за 2024, 2025 и 2026 година**

Направен беше увид во хартиена форма и во АКМИС системот на Решенија за изземање на судија за контролираниот период. Констатирано беше дека сите одлуки за изземање на судија се уредно заведени во АКМИС системот. Бројот на изземања не е голем и најчесто е поради судија во претходна постапка или блиски роднински врски
Направен беше увид во следните одлуки за изземање: СУ-ИЗЗ-2/24 од 14.06.2024, СУ-ИЗЗ бр.1/25 од 10.04.2025, СУ-ИЗЗ бр.9/25 од 01.07.2025, СУ-ИЗЗ-14/25 од 19.08.2025, СУ-ИЗЗ-15/25 од 19.08.2025, СУ-ИЗЗ бр.1/26 од 05.01.2026, СУ-ИЗЗ бр.6/26 од 12.02.2026, СУ-ИЗЗ-14/26 од 28.04.2026.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

24. **Сите одлуки за рачна распределба на предмети од АКМИС за 2024, 2025 и 2026 година**

Нема рачна распределба на предмети.

25. **Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот (Гр и Кр од бараниот период)**

Предметите кои на денот на надзорот беа избрани по случаен избор беа уредно внесени во АКМИС системот. Увид беше направен во предметите

- РО 15/26 - поднесен и примен на ден 11.02.2026 година, автоматска распределба на ден 11.02.2026 година, примен кај судија на ден 12.02.2026 година, автоматска прераспределба поради изземање на ден 13.02.2026 година
- МАЛВП 56/25 - поднесен, примен и автоматски распределен на ден 31.12.2025 година, примен кај судија на ден 02.01.2026 година, автоматска прераспределба на ден 05.01.2026 година поради изземање
- ПЛ1-П 25/25 - поднесен и примен на ден 15.07.2025 година, автоматска распределба на ден 04.08.2025 година, примен кај судија на ден 15.08.2025 година и прераспределба автоматска на ден 01.09.2025 година поради изземање
- П1 33/25 - поднесен и примен на ден 23.07.2025 година, автоматски распределен на ден 04.08.2025 година, примен кај судија на ден 15.08.2025 година, и прераспределба автоматски поради изземање на ден 01.09.2025 година
- К 13/2026 - поднесен и примен на ден 01.02.2026 година, распределен рачно преку АКМИС на ден 01.02.2026 година затоа што станува збор за итен предмет - (фалсификување исправа) во време на дежурство во 20:31 часот, примен кај судија истиот ден
- К 160/2024 - поднесен, примен, автоматски распределен и примен кај судија на ден 20.12.2024 година,
- ПРК-С 470/24 - поднесен, примен и автоматски распределен на ден 12.12.2024 година, примен кај судија на ден 13.12.2024 година


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

## 26. Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник (број на предмети и датум на заведување и време на распределување)

Во моментот на надзорот 12:40 часот за автоматска распределба имаше вкупно новопримени 23 предмети, кои чекаат на автоматска распределба. (граѓански, кривичен и отсек прекршочно).
Надзорната комисија констатира дека нема повеќе од една автоматска распределба во ист ден.
Воочени се предмети за кои има број на обиди за распределба повеќе од еднаш со копче судија, и тоа поради:

- К 11/26 предмет итен странец - поднесен и примен на 26.01.2026, распределен со копче судија на 27.01.2026 со 9 број на обиди поради тоа што предметот бил заведен во дежурство, кој откако бил заведен веднаш бил придвижен кон дежурниот судија, но полето судија останало празно. Бидејќи судијата не можел да пристапи до предметот, а поради итност надвор од работно време, предметот бил сработен од страна на судијата и била изготвена пресуда надвор од АКМИС. При обид со копче судија да се додели предметот, утврдено е дека според програмата за работа судијата го нема соодветниот уписник во работа во редовно работно време туку само за време на дежурство, и затоа во АКМИС доделен е К уписникот само за да може со копче судија да се додели предметот и повторно е тргнат од кај судијата.
- К 158-2025 - поднесен и примен на 27.11.2025, распределен со копче судија на 27.11.2025 со број на обиди 7, и примен кај судија на 11.12.2025. Предметот е заведен по укинат предмет, при што судскиот службеник при заведување го поврзал новозаведениот предмет со укинатиот предмети и се обидел со копче судија да го додели предмет на судијата кој постапувал по укинатиот предмет. Според програмата за работа на судот судијата го нема уписникот К во работа и затоа во системот АКМИС бил доделен соодветниот уписник како би можело да се додели предметот и потоа повторно е тргнат.
- К 163-2025 - поднесен и примен на 01.12.2025, распределен со копче судија во три обиди на 01.12.2025, и примен кај судија истиот ден. Предметот е од итен карактер заведен во работно време. Трипати е распределен со копче судија бидејќи уписничарите откога ќе го заведат итниот предмет и кликнат на копче Судија, наместо да го потврдат предметот, тие веднаш го


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

придвижуваат предметот на судијата, но тогаш веќе се трга судијата затоа што предметот не е потврден.

Честа грешка при заведување на предмети е, кога станува збор за предмети од итна природа и кои веднаш се распоредуваат со копче судија, кога ќе се појави името на судијата, АКМИС да не дава можност да се движи предметот до судијата без да биде потврден.

**27. Уписници што се водат во хартиена форма**

Во Основен суд Крива Паланка нема уписници во хартиена форма.

**28. Користење на тонско снимање и опрема за тонско снимање**

Системот за тонско снимање е во функција но, се користи многу малку и тоа само по барање на странка, затоа што процесот на снимање на рочишта е многу спор и ја отежнува секојдневната работа на судот.
Новата опремата е инсталирана во две судници од вкупно три.
Вкупниот број на реализирани тонски снимања во 2024 година е 10, во 2025 година 8 рочишта и во 2026 година до денот на надзорот нема реализирано ниту едно тонско снимање на закажано рочиште.

**29. Електронска достава**

Електронската достава до адвокатите функционирала до крајот на 2025 година, до сите адвокати кои имаат регистрирани електронски сандачиња.
Во 2024 реализирани се 55 достави, во 2025 година реализирани се 58 достави, а за 2026 година до денот на надзорот нема воопшто реализирано електронски достави.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТНО ТЕЛО

**30. Одлука за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот за 2024, 2025 и 2026 година (член 16 СД)**

Постојат одлуки за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот за контролираниот период од Су бр.224/23 од 18.12.2023 година, Су бр.254/24 од 26.12.2024 година, Су 97/2025 од 29.12.2025 година.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

**31. Годишен план за управување со движењето на предметите за 2024, 2025 и 2026 година по предлог на работното тело**

Како во точка 30, под истите СУ се заведени годишните планови.Су бр.224/23-2 од 19.12.2023 година,
Су бр.254/24-2 од 26.12.2024 година,
Су бр.97/25-2 од 29.12.2025 година

**32. Внатрешни процедури**

Исто како во точка 30 под истите СУ броеви се заведени внатрешните процедури.
Су бр. 224/23-1 од 19.12.2023 година
Су бр.254/24-1 од 26.12.2024 година
Су бр.97/25-1 од 29.12.2025 година

**33. Сите месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување (член 8 од ЗУДПС)**

Су -01 бр.2/26-1 од 10.02.2026 година, Су 01 бр.2/25-8 од 18.09.2025 г.
Су бр.43/24 -10 од 08.11.2024 година.

## ДРУГИ ОПШТИ ПОДАТОЦИ

**34. Информирање на јавноста за резултатите од работењето на судот и судиите (најмалку еднаш годишно) за контролираниот период**

Годишниот извештај бил презентиран на веб страницата на судот.

**35. Огласна табла на судот**

Има огласна табла на влез во судот. Електронска огласна табла.

**36. Простории за судии поротници и за адвокати**

Во програмата е определена судница бр.3 на прв кат.

**37. Објавени правосилни судски одлуки на веб страната на судот за 2024, 2025 и 2026 година**

После извршената анонимизација на одлуките од страна на судски службеник и после извршената синхронизација на податоците од АКМИС системот кон Врховен суд, се објавуваат на веб страната на судот.
Објавени се вкупно 117 одлуки за 2025 година, додека од почетокот на 2026 година до денот на надзорот објавени се 13 одлуки.

**38. Архива**

Активната и пасивната архива во судот се одлично уредени, во чисти и соодветни простории, по области, прегледност на предметите по години, редовно се врши излачување на архивата. Постои потреба од расходување на стар подвижен имот доделен на судот, за што треба да се спроведе постапка согласно Закон за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост.

ПРЕДИЗВИЦИ СО КОИ СЕ СООЧУВА СУДОТ

**39. Прашања за кои претседателот на судот, судскиот администратор или судската служба при вршењето на работите во судот можат да укажат дека им го отежнуваат работењето во врска со АКМИС или општо ефикасното работење на судот.**

Основниот суд Крива Паланка е основен суд со основна надлежност на општините Крива Паланка и Ранковце. Овој суд во просек на годишно ниво има помеѓу 7000 и 8000 предмети во работа. По систематизација, судот треба да има 6 судии и 59 службеници, а во моментот судиската функција ја извршуваат 3 судии и 13 судски службеници, како и 5 припадници на судската полиција и 2 хигиеничари, така што овој број на судии и службеници не е доволен за справување со секојдневните предизвици во работата, а пред се во справувањето со обемот на работа, така што

одредени судски службеници се приморани да извршуваат работни задачи на повеќе места.

Имено, во моментот судската писарница функционира само со двајца водители, иако треба да има најмалку шест, така што основано се јавуваат потешкотии во работењето и неможност редовно да се постапува и да се заведуваат новопримените предмети. На писарниците на кои во моментот нема вработени судски службеници, работните задачи на водители ги извршуваат двајца судски службеници - дактилографи кои се распоредени со цел извршување на неопходните задачи во врска со заведувањето на нови предмети, меѓутоа, истите секојдневно имаат и обврски со судиите со кои се распоредени да работат согласно годишниот распоред за работа, така што не можат секогаш навремено и во целост да ги извршат работните обврски на судските писарници - кривична, прекршочна и писарница за извршување на санкции. Од тие причини, најитно се потребни нови вработувања, а проблемот не може да се реши само со две нови вработувања колку што се одобрени со годишниот план за вработување за овој суд за 2026 година, туку само можеби делумно ќе се надминат проблемите.

Освен тоа, најитно е потребно вработување на возач бидејќи во моментот двајца од припадниците на судска полиција ги извршуваат работните задачи на возач, за што се јавува дополнителен проблем со вишок на работни часови - прекувремени часови за овие судски полицајци, а сето тоа повлекува дополнителни средства за исплата. Исто така, најитно е потребно вработување и на уште еден судски доставувач, бидејќи во моментот сите писмена од судот се доставуваат или по пошта со препорачана пратка доколку се работи за достава надвор од подрачјето на градот, или пак доставата ја врши единствениот судски доставувач кој физички не е во можност да постигне да врши достава сам.

Исто така, овој суд има потреба од вработување и на најмалку еден раководен судски службеник - раководител на служба, како и на еден раководител на судските писарници, бидејќи во моментот поради немање раководен судски службеник, сите сложени работни задачи кои се однесуваат на помош на претседателот во работите на судската управа ги извршува еден од двајцата виши судски соработници.

Освен понапред наведеното, неопходно е потребно и да се овозможи унапредување на судските службеници во звања, како би можеле да се мотивираат финансиски со поголеми плати и да се задржат на своите работни места, зашто во спротивно, не


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

очекува одлив на кадар - судски службеници кои масовно ќе почнат да ги напуштаат своите работни места поради ниските месечни примања.

Овој суд се соочува со недостаток на човечки ресурси и тоа не само недостаток на службеници, туку и недостаток на судии, бидејќи во моментот тројцата судии во кои се вбројува и претседателот на судот , не се во можност физички да се справат со бројот на предмети во работа, па доколку во најкус можен рок не се делегираат судии од други судови, ќе се јави проблем со предолго траење на судските постапки и неможност за брзо и ефикасно решавање на предметите. Проблем има и во решавањето на предметите од надлежност на кривичен совет, бидејќи со тројца судии во судот, не може да се формира кривичен совет, така што за кривичен совет се вклучуваат двајца судии од Основен суд Куманово за што постои одлука донесена од Апелациониот суд Скопје.

За крај, сакам да потенцирам и дека од страна на Судскиот буџетски совет не се одобруваат доволно средства за инвестиции и подобрување на условите за работа на судот, односно во последните години речиси и да нема одобрено средства за капитални инвестиции како што е поставување на термоизолациона фасада за подобрување на енергетската ефикасност на судот, промена на кровна конструкција поради дотраеност, промена на електрична инсталација поради дотраеност, промена на дел од прозорците со ПВЦ прозорци, изградба на лифт во судската зграда за да се овозможи пристап на лица со попреченост, изградба на помошен влез и излез од судот со надворешни скали, како и купување на ново теренско возило за вршење на увид на лице место, а кое е неопходно потребно за секојдневното работење на судот.

Увидот заврши на ден 04.05.2026 во 13:15 часот.


Министерство за правда на
Република Северна Македонија

Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk